И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Деловска,преку Зам.Извр.Благојче Пишмановски
именуван за подрачјето на
Основен Граѓански суд Скопје
Основен Кривичен суд Скопје
ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4, Скопје
02 3111 533 izvrsitel.vesna.deloVska@gmail.com

Образец бр.66

И.бр.930/2026

Извршителот Весна Деловска,преку Зам.Извр.Благојче Пишмановски од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Халк Банка АД Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул.Водњанска бр.1/2, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за залог на недвижен имот Хипотека со својство на извршна исправа ОДУ бр.76/16 од 30.3.2016 на Нотар Ана Петровска, против **должниците: заложен должник Дејан Трпевски од Скопје со живеалиште на ул.Пробиштипска бр.14/1-6 и 2. Заложен должник Јулија Трпевска од Скопје со живеалиште на ул.Пробиштипска бр.14/1-6** за спроведување на извршување заради реализација на заложно право – хипотека во вредност 26.411,33 Евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ, на ден 26.11.2026 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста и тоа:

1. недвижност – стан подетално опишана во **ИЛ бр.93816 КО Ѓорче Петров 6 – Ѓорче Петров** при АКН на РСМ со следните ознаки:

Лист В:

-КП 8976, дел 1, адреса ул.Пробиштипска бр.14/1-6, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2, влез 1, кат 2, број 6, нам.на посебен дел СТ, со површина 51 м2;

-КП 8976, дел 1, адреса ул.Пробиштипска бр.14/1-6, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2, влез 1, кат 2, број 6, нам.на посебен дел ПП, со површина 5 м2;

сосопственост ½ на заложен должник Дејан Трпевски од Скопје и ½ на заложен должник Јулија Трпевска од Скопје

2. недвижност – земјиште подетално опишана во **ИЛ бр.5070 КО Ѓорче Петров 6 – Ѓорче Петров** при АКН на РСМ со следните ознаки:

Лист Б:

-КП 8976, дел 1, бр.на зграда 0, м.в. Пробиштипска, план /, скица /, кат. култ. гиз, класа /, со површина 151,33 м2;

-КП 8976, дел 1, бр.на зграда 1, м.в. Пробиштипска, план /, скица /, кат. култ. зпз, класа /, со површина 104,06 м2;

идеален дел **8/297** на земјиште сосопственост на заложниот должник Дејан Трпевски од Скопје како и идеален дел **7/297** на земјиште сосопственост на заложниот должник Јулија Трпевска од Скопје,

Почетната вредност за предметната недвижност сосопственост на заложните должници, утврдена со предлог од доверителот, изнесува **78.523,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажба како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на второто усно јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **16.12.2026 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршителот Весна Деловска.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот Халк Банка АД Скопје ОДУ бр.76/16 од 30.03.2016 год. на Нотар Ана Петровска, реален товар со Налог за извршување врз недвижност чл.166 од ЗИ И.бр.930/26 од 01.09.2026 год. на Извршител Весна Деловска, хипотека во корист на заложен доверител НЛБ Банка АД Скопје ОДУ бр.1128/07 на Нотар Златко Николовски од Скопје

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе Банка АД Скопје и даночен број МК5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.930/2026, **најдоцна до 15.12.2026 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на КИРСМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Деловска,преку Зам.Извр.
Благојче Пишмановски

Д.-на: -доверител
-заложни должници
-хипотекарен доверител НЛБ банка АД Скопје – ОДУ бр.1128/07 на Нотар Златко Николовски
-архива

Правна поука: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.